**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Педесет и шестата седницата на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 17 мај 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Го отворам второто продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Никола Јованов, Марика Јорданова, Јонуз Абдулаи, Ризван Сулејмани и Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на оваа седница.

Констатирам дека во салата се присутни 79 пратеници.

Констатирам дека на седницата се присутни мнозинството пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Колеги пратеници, дозволете ми да Ве известам дека во салата на Собранието присутна е Делегација на Турско-Македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото Национално Собрание на Република Македонија. Ве молам да ги поздравиме. (Аплауз).

Почитувани пратеници по утврдениот дневен ред имаме предлог од Владата на Република Македонија, за донесување на Законот за одбрана со Предлог на закон да биде разгледан како прва точка на дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека за предлогот гласале 63 пратеници, "за" 50, шест "воздржани", седум "против".

Овој Предлог на закон ќе се разгледува како точка еден.

Господинот Никола Поповски бара процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господнине потпретседател, Пратеничката група на СДСМ денеска поднесе Барање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ве потсетувам дека тоа е согласно член 97 став 3 од Деловникот, Барање денеска да се одржи итна седница на Собранието на Република Македонија. Ве потсетувам дека за барање на било кој од надлежните предлагачи на дневниот ред, Собранието треба да се изјасни. Ние денеска доставивме барање да се свика итна седница со точка на дневен ред Информација за случувањата во време и по прегласувањата на вториот круг од Локалните избори 2000 година во Охрид, односно во неделата. Предлагам Собранието да одржи итна седница, да ја прекине работата на Педесет и шестата седница и после завршувањето на итната седница да работи по Педесет и шестата седница. Зошто бараме Собранието да одржи итна седница? Македонија се наоѓа во време на избори, односно прегласување по вториот и првиот круг во некои изборни единици, или така наречен трет изборен круг. Да потсетиме дека Собранието во една процедура на Педесет и шестата седница одби да расправа по информации на пратеничките групи на СДСМ и на ПДП со кои се бараше да се расправа за насилието и безредијата кои се јавуваат на локалните избори во Република Македонија. Она што се случи е фактот дека Собранието не расправаше за тоа, меѓутоа дека во третиот круг овие насилства не само што се повлекоа, туку напротив ескалираа. Имено, Македонија одржува избори во услови кога изборниот процес се одвива во нерегуларност на изборните места се случуваат насилства кои ескалираат со употреба на огнено оружје и физичка присила и на што државните органи никогаш досега барем не реагираат, или кога реагираат тие најчесто реагираат во насока да ги заштитат оние кои насилството го започнуваат, а да ги обвинат оние луѓе кои присуствуваат согласно законот во изборниот процес. Врз основа на ваквото однесување Македонија влегува во редот на оние држави во кои изборните процеси се уште се одвиваат со насилие. И само да потсетиме дека меѓу

најнестабилните држави на Балканот до пред некој ден Албанија и СР Југославија кои ги одржуваат изборите во нормална атмосфера, сега Македонија се претвара во држава која е олицетворение на насилството на целиот европски континент. Епилогот од ваквото однесување е следниов. Прегласувањето, она што се случи за време на прегласувањето и она што се случи по прегласувањето на вториот круг особено во Охрид, донесе исход на насилство кое ескалираше не само со примена на физичка сила, туку и со примена на легализирана, а нелегитимна сила од страна на државните органи и врз основа на тоа се создаде ситуација во која настаните ескалираа со повреда од огнено оружје на најмалку двајца луѓе од кои едниот се наоѓа во критична состојба и се бори за сопствениот живот. Овие настани се случуваа пред очите на јавноста, меѓутоа, што е најлошо и пред очите на надлежните државни органи кои треба да се борат против тоа да постојат насилни избори во Република Македонија.

За да приказната биде уште полоша, во Македонија веќе на сите им станува јасно дека со ваквиот изборен процес кој се одвива пред очите на сите нас, особено во првиот круг кога погина еден човек и сега во третиот круг кога само играта на случајот не дозволи тоа да се случи, веќе изборниот процес станува предмет на политички пресметки каде што употребата на физичко насилство станува најлегитимен метод зад кој власта се крие и зад кој не сакаме да веруваме, меѓутоа тоа се случува, се комбинираат резултатите односно исходот од изборите.

Само да потврдиме дека она што се случуваше веднаш после изборните настани во Охрид, ескалираше во насилство од страна на државата врз луѓето кои учествуваа во изборниот процес. Непосредно после тоа, охридска полиција наместо да се пристапи на настанот на начин кој е согласно законот, таа заедно со функционери на МВР почна да разработува план со кој наместо да ги приведе и да гаи спречи насилниците врз изборниот процес, таа продолжи со создавање на инциденти, па врз основа на тоа без никаква причина почна надвор од Охрид на отворен пат да задржува луѓе, да ги испрашува, да ги приведува во најблиските полициски станици со намера да ги измачува и со бруталности за што имаме и изјави од приведените, да изнудува признание дека се вмешани во настаните во Охрид. Во оваа акција на МВР која беше насочена против опозицијата, а не против криминалот, беа приведени 42 активисти на здружената опозиција и тоа во Охрид 17, во Ресен 22 и во Битола 3. Лицата кои беа приведени беа во полициските станици, според нивните изјави кои ги имаме документирано и заверено кај надлежните органи во државата се брутално тепани, измачувани се и се присилувани да дадат изјави дека се најмени. И во оваа полициска тортура се истакнуваат и луѓе кои се именувани директно од Владата во вид на началници и заменици. Само да потсетиме дека согласно член 10 од Законот за кривична постапка е одредено дека: забрането е и е казниво од обвинетиот, или од било кое друго лице што учествува во постапка да се изнудува признание, односно било каква друга изјава и едновремено да потсетиме дека со нашиот Устав е забрането лице кое не дава отпор да биде брутално мачено, а за тоа имаме потпишано и повеќе меѓународни конвенции. Ваквите настани не само што се забележани од македонската јавност, туку почнува сериозно да се пишуваат и по извештаите на набљудувачите на изборниот процес, пред се Организацијата за безбедност и соработка во Европа ОБСЕ. Не само што беа измачувани луѓето кои учествувале во изборниот процес на селективна основа, за време на испрашувањето немаа право ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Поповски, баравте процедурално, а сега говорите. Дозволете, имаме утврден дневен ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дозволете да довршам со образложението зошто бараме итна седница и после согласно Деловникот ќе го ставите на гласање.

Не само што овие лица за време на испрашувањата беа подложени на тортура надвор од правните норми, туку на овие лица не им беше дозволено ниту да бидат испрашувани во присуство на нивни

адвокати со што се повредува и Уставот и многу закони и меѓународни норми кои Република Македонија ги има прифатено. За тоа време адвокатите чекаа пред полициските станици и не им беше дозволен пристап, ниту до пријавниците на полициските станици, ниту до нивните клиенти кои ги овластија да ги застапуваат согласно со правните норми.

Само да потсетам дека во овој случај Министерството за внатрешни работи свесно го прекрши член 3, точка 2 од Законот за кривична постапка донесен од ова Собрание кој вели: осомничениот, односно обвинетиот мора најпрвин на јасен начин да се поучи за правото да молчи, правото да се советува со адвокат и да има бранител по негов избор за време на испитувањето, како и за правото за приведување, или лишување од слобода да се извести член на неговото семејство, или нему блиско лице. во сите овие случаи Министерството за внатрешни работи заборави и на Уставот и на законите и на законски утврдената постапка барајќи по секоја цена однапред тоа да пресуди кои се виновни, кои не се и врз основа на тоа да применува сила. Исто така, да потсетиме и дека членовите од Уставот на Република Македонија 11 и 12 утврдуваат следново: физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени, се забранува секој облик на мачење на нечовечко или понижувачко однесување и казнување и дека слободата на човекот е неприкосновена. Само да кажеме дека над 40 лица после изборните насилства во Охрид имаат дадено до нас лични изјави дека врз нив е вршена физичка тортура, дека се применувал облик на мачење, на понижување и дека не им било достапно согласно правните норми на оваа држава можност нив да ги застапува адвокат. Врз основа на сето ова можеме да заклучиме дека насилството на изборните процеси и во првиот и во вториот, а сега веќе и во третиот круг стануваат норма на однесување во Република Македонија на што Владата на Република Македонија и нејзините органи наместо да вршат свесна акција да се оневозможи, почнуваат да кумуваат на тоа, со тоа што на некој начин ги бранат оние кои вршат насилство, а оние кои се невини ги измачуваат во полициските станици. Да биде апсурдот најголем, или уште поголем, примената на тоа насилство почнува како стратегија на Владата да се поддржува и од полицијата и од медиумите како што е Македонската телевизија која ја контролира Владата. Со оглед на тоа дека не можат на изборите да учествуваат граѓаните со гласови, некој сака да направи тоа да биде по пат на искршени гласачки кутии, по пат на испукани куршуми и со бројно повредени граѓани и со тоа ги оневозможи изборните процеси. Намерата е очигледна, не само оние кои учествуваат на изборните процеси од страна на власта, туку и самата власт и нејзините медиуми да внесат страв кај граѓаните и со примена на брутална сила практично, а не формално, меѓутоа практично да го укинат демократското право на граѓаните да гласаат. Во таква ситуација нашата пратеничка група и здружената опозиција за овие случувања ја извести и полицијата и Јавното обвинителство и Државната изборна комисија од кои очекувавме и се уште очекуваме да постапат согласно со своите овластувања и надлежности.

Но, откако сфативме дека сите наши обиди за смирување на состојбите се одбиени, и дека настаните и понатаму ескалираат под заштита на некои кругови во Владата, ние предлагаме од сите овие причини претседателот на Собранието на Република Македонија и пратениците да прифатат да се одржи итна седница каде што ќе расправаме на некој начин по повторено, или трипати повторено барање на голем број пратеници од оваа Собрание за сето она што се случува и во првиот и во вториот круг, а сега особено по она што се случува на изборите од 8 октомври во Охрид и она што следуваше после тоа со приведувањето на 42 луѓе и поднесување на кривични пријави, како некаков алиби за она што се случува.

Господин потпретседател, барајќи во име на Пратеничката група да се свика итна седница, сакам уште еднаш да потенцирам

дека со сето ова што се случува на изборите, ние Не М0ЖеМе да останеме помирени, зборувам ние, како пратеничка група меѓутоа верувам Дека зборувам и во името на граѓаните на Република Македонија, Дека ние Не можеме да дозволиме во република Македонија насилието да претставува демократски чин, не можеме да дозволиме во Македонија законите да не се применуваат од оние кои се платени од граѓаните на Република Македонија да го спроведуваат законот и не можеме да дозволиме Република Македонија полека ама сигурно да ја туркаме во зоната на нестабилност каде што не само на изборните места и со волјата на гласачите, туку со волјата на некои однапред зацртани планови на групи на насилници инструирани од разни други структури во општеството ќе одлучуваат кој и како може на изборите да однесе победа па макар и за така важни функции како што се градоначалничките места. Да потсетиме дека ниту едно место не е толку битно колку што е битен човечкиот живот во Република Македонија. Затоа ве молиме Собранието на Република Македонија да прифати итна седница да расправа за оваа иницијатива и да не дозволи да претставува орган кој наместо да ги продуцира односите во позитивна насока во Република Македонија, немо следи што се случува и на тој начин ако некој молчи и немо гледа што се случува, практично го одобрува она што се случува, а тоа е дека изборните процеси во Република Македонија се под велот на насилството и дека граѓаните се повеќе стануваат свесни дека нивниот глас Не е тој што одлучува. Затоа ве молиме, во насока на стопирање на ваквото насилство, во насока на утврдување на одговорностите на сите оние кои тоа не го спречувале и во насока на однесувањето на некои од државните органи кои не биле согласно со законите да свикате денеска итна седница што е наш писмен предлог и да расправаме за оваа точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Поповски, предлогот е примен и е умножен, ќе се достави до сите пратеници. Седниците на Собранието ги закажува претседателот на Собранието. Ова ваше барање ќе биде доставено и е доставено до претседателот. Тој одлучува да се закаже седница. Вие денеска да барате по утврден дневен ред да се запре едно Собрание кое работи по утврден дневен ред, да се расправа по друг. Не можам да го ставам на гласање затоа што овластениот човек кој одлучува за закажување на седници е претседателот на Собранието. Јас во негово име немам овластување тоа да го направам, а итноста вие ја предложивте, ќе се цени од претседателот, ќе се цени и од пратениците и по сите норми ќе биде проследено, дали вие сте орган, или не сте да утврдувате некаква одговорност и да трпите нешто, или не трпите, Вие сте пратеници. Државните органи учествуваат и утврдуваат одговорност. Ние никој од нас не утврдуваме одговорност освен да вршиме политичка оцена за работа на Владата. Поради ова нема потреба да се прават секој ден опструкции за да не може Собранието да работи. Ве молам, Вашиот предлог е доставен до Претседателот. Имате можност, тој ќе дојде после во 14,00 часот, нека ви прифати, нека закаже, јас немам ништо против. Сега од овој момент натаму ќе продолжиме по дневниот ред.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Барам процедурално. **ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално нема што веќе да расправаме, имаме материјално да расправаме, имаме дневен ред.

Да ве прашам, дали вашето процедурално ќе биде по однос на утврдениот дневен ред? Ако е по однос на утврдениот дневен ред, повелете.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Согласно Деловникот за работа на Собранието, Пратеничката група на СДСМ бара пауза од еден час за консултација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пауза од еден час.

(Седницата прекина во 12,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,35 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пред да продолжиме со работа, соопштувам дека од пратеничката група на СДСМ побара пауза од 1 час, паузата се продолжи за уште 1 час за сега да дојдат овде и да го известат Собранието дали ќе учествуваат во работа или не.

Јас ќе им дозволам на пратеничката група на СДСМ да го соопштат нивниот став, бидејќи сега се јавува не како СДСМ, туку како некоја коалициона опозиција, па нека го соопштат својот став па ќе видиме дали ќе продолжиме со работа или не.

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

После паузата пратеничката група на СДСМ направи консултации во врска со работата на Парламентот и дозволете да го соопштам нашиот став, а во исто време дозволете да ве известам дека го соопштувам ставот на пратеничката група на СДСМ. Во исто време го изнесувам и ставот на пратеничката група на ПДП, во исто време и ставот на пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција и ставот на пратениците Петар Гошев од ЛДП и Љубисав Иванов од СПМ.

- Собранието на Република Македонија под влијание на парламентарното мнозинство на коалицијата на власт, во неколку наврати во последните денови одби да расправа за многу суштествени и значајни политички настани во Република Македонија. Имено, Собранието не прифати

- да расправа и да ги вклучи на дневен ред информациите предложени од пратеничките групи на СДСМ и ВМРО, а едновремено ја симна од дневен ред веќе ставената информација на пратеничката група на ПДП.

Со оглед дека се работи за информации, за преземено насилство на локалните избори и за организирано насилство врз политичката волја на пратеници на Парламентот, Собранието на Република Македонија со тоа, во својство на нем сведок станува соучесник во се поприсутното насилство и загрозување на безбедноста на граѓаните, но и политичките институции во државата.

Не сакајќи понатаму опозицијата во Парламентот да биде маргинализирана и да служи за покритие на насилството и незаконското однесување на институциите во Македонија, соопштуваме дека пратеничките групи и пратениците од опозицијата кои го издаваат ова соопштение, тие што ги набројав, нема да присуствуваат на работа на Собранието се додека Собранието не одлучи да свика седница и да расправа за информациите за нерегуларностите и насилството на локалните избори 2000 и за загрозување на личната безбедност и безбедноста на домовите на пратениците во Македонскиот Парламент.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Известувањето на г. Поповски го сметаме како нивни став по однос на тоа дали ќе учествуваат во работата на Собранието или не. Тоа е нивно право.

Господа пратеници со оглед на тоа што ценам дека има потреба и другите пратенички групи да направат консултација околу овој став на опозицијата кој лично го сметам како став на уцена, дали ќе работиме или не.

Ние по консултација со пратеничките групи на позицијата ќе одлучиме дали во 17 часот ќе продолжиме со работа со денешната седница или не. Само едно известување.

Господата поднесоа предлог за итна седница. Предлогот е проследен до претседателот. Претседателот донесе одлука, како единствен овластен за закажување на седници, и прифати по оваа информација да се расправа на 12 октомври, во четврток. Господата иако беа известени и усмено, да не кажам и писмено, сепак сакаат да тераат некоја своја правда.

Господа пратеници. Во овој момент соопштувам дека еднаш ќе се престане со шпекулациите. Оваа Предлог информација за расправа ние ќе ја прифатиме и ќе докажеме дека тие луѓе досега хараа низ Македонија сакаат да бидат видени кои се, и кои не

се. Прават тие групи нивни активисти, како тие ги викаат, се јавуваат во Берово, се јавуваат во Кочани, се јавуваат во Струмица, се јавуваат како туристи во Охрид и каде се. Еднаш мора по име и презиме да се каже. Господата имаат намера да ги запрат овластените органи за прогон да не можат да работат, да работат под пресија. Меѓутоа, порачувам на органите на прогон, тоа се полицијата, јавното обвинителство и судот да учествуваат и да ги изведат пред лицето на правдата оние кои навистина прават зулуми низ Македонија. Поради тоа, координаторите на пратеничките групи од позицијата што ни се јавија дека имаат намера, после ова соопштување, да имаат посебна консултација, ќе видиме дали во 17,00 часот ќе продолжиме со работа.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници.

Јас воопшто не го оспорувам правото на опозицијата да излегува со соопштенија по повод поедини точки. Впрочем и вие тоа го рековте. Ние како опозиција сме спремни да расправаме за настаните и добро е што се донесе таков став тоа да биде во четврток, на нова седница. Меѓутоа, јас само ќе го потсетам нашиот состав на Собранието, а воедно и јавноста дека ние денес имаме за расправа еден многу круцијален закон, тоа е Законот за одбраната. На опозицијата и е совршено јасно дека за прашањето на нашата евро-атланска интеграција ние имаме консензус. Самото нивно не прифаќање да учествуваат на вака круцијален закон, за мене лично, верувам и за повеќето членови на овој Парламент не значи само опструкција во работата на Собранието туку значи и недонесување на поедини закони со кои Република Македонија е врзана со рокови, истите да се донесат. Така да се она што опозицијата во своите настапи ќе го оквалификува дека е за евро-атланска ориентација на Македонија, дека е за донесување на вакви значајни закони паѓа во вода. Целокупниот нивни настап значи опструкција на работата на Собранието и јас би замолила, без оглед дали ќе биде присутна или не, ние како парламентарно мнозинство овој закон да го донесеме во предвидените рокови за Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

За збор се јавува г. Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Информацијата што ја даде овде потпретседателот на Собранието укажува дека е прифатено барањето за итна седница, што го постави СДСМ на 12 октомври да се одржи идната седница. Очекувам претседателот на Собранието решението да го испрати до пратениците.

Значи, удоволено е на барањето кое беше овде поставено. Според тоа

пратеничката група на ЛП продолжува да работи во Парламентот и сега и во четврток, се разбира, бидејќи е прифатено барањето на СДСМ. Меѓутоа, укажуваме дека, сега кога другите партии од опозицијата се излезени и не се тука, пратениците од тие партии, ние сметаме дека е непријатна работа присутните сега да зборуваат за оправданоста или неоправданоста на нивното излегување и да упатуваат вакви или такви критики. Доколку Собранието продолжи со работа по дневниот ред, ние остануваме на седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Му благодарам на г. Стојан Андов.

За збор се јави Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, во контекст на тоа што г. Андов го изговори, би сакал само едно мало надополнување дека навистина присутните што се овде е доволен број за продолжување на работа по дневниот ред и на точката која веќе ја имаме.

Меѓутоа, сакам да наговестам пред македонската јавност дека всушност ова е само продолжување на реториката на СДСМ и дека сака да се минимизира работата на Собранието за се она што е на дневен ред. Меѓу другото, ако е јавно искажано дека

ние во четврток ќе ја имаме итната седница на Собранието, тоа значеше дека они ќе можеа денес да останат да го разгледуваме дневниот ред. Воедно сакам да наговестам дека се она што беше како информација за најавата на локалните избори, изговорено од страна на претседателот на СДСМ г. Црвенковски дека СДСМ ќе се однесува вон системот на правната држава, дека ова всушност е резултат на нивните А, Б, Ц и Д договори, точки и планови кои они ги наговестуваат. Значи они веќе почнуваат со нивните планови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе,

По однос на предлогот на опозиционата СДСМ, јас мислам дека утре е празник и дека е сосема примерна одлуката или решението на претседателот на Собранието, по бараната седница да се одржи задутре во четврток на 12, бидејќи денес ние не ќе можеме да обезбедиме услови за една квалитетна и сеопфатна расправа, со оглед на тоа што за таква расправа треба да добиеме релевантни факти и аргументи и од институциите на системот, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, да биде тука присутен и јавниот обвинител. Во една таква атмосфера и во едни такви услови можеме да расправаме. Сметам дека закажувањето на седницата за два дена, со оглед на тоа што утре е празник, сосема е примерено и покажува една добра волја да се расправа за таа работа. Значи, ние исто така имаме став дека е добро да се расправа по барањето на СДСМ.

Што се однесува до текот на оваа седница ние сметаме дека, доколку постојат услови, а тоа значи кворум, треба да наставиме со седницата и да ги разгледаме овие законски проекти што се пред нас и другите точки од дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници,

Во овој момент го добивте решението на претседателот на Собранието кое се однесува на свикување на 57-та седница на Собранието на Република Македонија. Претседателот седницата ја свикува за ден 12 октомври, четврток, со почеток во 11,00 часот, со дневен ред - Информација за служувањата за време на вториот круг од локалните избори 2000 година, поднесено од СДСМ. Значи, се е во ред. Соопштението беше - ние нема да доаѓаме да работиме во Собранието додека не се закаже седница. Ова решение го имаат добиено. Не знам што треба да заклучиме. Дали остануваат на зборот што го дадоа за закажување, или прават некои други непотребни работи.

Да продолжиме со работа. Имаме 60 пратеници. Еве сега ме известуваат дека имаме 64 пратеници во салата.

Имаше предлог од г. Чедомир Краљевски да се направи едно поместување на редоследот на точките од дневниот ред и точките од 31 до 39 каде има персонално разрешување, по барање на колеги судии и друго, нечесно е да ги задржиме, затоа што знам, сигурно тие колеги имаат поднесено барање за упис на адвокатите, а сега разбрав последен рок е 15-ти овој месец. Ако ги промашиме роковите ќе им се случи непријатна работа. Затоа барем тој дел од седницата да го истераме.

По точките од 31 до 39 Комисијата за прашања на избори и именувања предлага предлозите за разрешување на судии на Апелациониот суд во Скопје и Апелациониот суд во Битола и предлозите за разрешување на судии во Основните судови во Битола, Гевгелија и Кавадарци да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред, како и одлуките за огласување на избор на претседатели и судии и јавен обвинител во судовите односно јавните обвинители во Македонија. А по останатиот дел од точките на оваа седница да се продолжи дополнително.

Дали Собранието го прифаќа овој предлог.

Молам, да гласаме.

Очигледно немаме кворум за работа.

Предлагам да продолжиме со работа во 16,00 часот.

По паузата седницата продолжи во 16,20 часот.

Со седницата продолжи да раководи д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и г-да пратеници, продолжуваме со работа по 56-та седница.

За да видиме дали има кворум, ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање.

Констатирам дека се присутни 63 пратеници, значи имаме кворум.

Преминуваме на 31-та точка од дневниот ред- Предлози за разрешување на судии на Апелациониот суд во Скопје.

Предлозите и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес .

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Ленче Софрониевска да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Констатирам дека Ленче Софрониевска е разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд - Скопје по нејзино барање.

Предлогот Јанко Узунов да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето).

59 пратеници гласаа за, два воздржани, нема против.

Констатирам дека Јанко Узунов е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд Скопје поради исполнување услови за пензија.

Преминуваме на 32-та точка од дневниот ред- Предлог за разрешување судија на Апелациониот суд во Битола .

Предлогот за разрешување и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

58 пратеници гласаа за, три се воздржани и против нема.

Констатирам дека Коста Споае е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола поради исполнувањето услови за пензија.

Преминуваме на 33-та точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Ќе ве молам, само 59 пратеници гласале.

Да го повториме гласањето уште еднаш и ќе ве молам да гласаме.

Уште еднаш го повторувам гласањето.

(по гласањето)

Сега имаме 60 пратеници што гласале од 62 присутни.

Ве молам колеги уште еднаш да видиме колку се присутни.

За да биде се легално, од службата нека пребројат физички колку сме присутни овде.

(по пребројувањето)

Значи 62 пратеници се присутни. Тоа значи дека некој не притиснал на копчето а е присутен во салата.

Според тоа ќе констатирам дека Трајко Аврамов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Гевгелија поради исполнување услови за пензија.

Преминуваме на 34 точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 56 пратеници гласале за, три се воздржани и немаме против.

Констатирам дека Никола Николовски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Битола поради исполнување услови за пензија.

Преминуваме на 35-та точка од дневниот ред- Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 55 гласале за, три се воздржани и еден против.

Констатирам дека Лилјана Поповска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Кавадарци по нејзино барање.

Преминуваме на 36-та точка од дневниот ред Предлог на одлука за огласување избор на судии во Апелациониот суд во Скопје и на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

57 пратеници гласале за, еден пратеник е воздржан и еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување  избор на судии на Апелациониот суд во Скопје и на Апелациониот суд во Битола.

Преминуваме на 37-та точка од дневниот ред- Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основни судови во Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

58 пратеници гласале за, немаме против ниту воздржан. Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседатели на основни судови во Република Македонија.

Преминуваме на 38-та точка од дневниот ред- Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Тетово, Кавадарци и Кратово.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 57 гласале за, два воздржани и немаме против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Тетово, Кавадарци и Кратово.

Преминуваме на 39-та точка од дневниот ред- Предлог на одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 53 гласале за, воздржан нема и еден е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување заменик на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Преминуваме на 40-та точка од дневниот ред- Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино" во Неготино.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 51 гласал за, еден воздржан и два против.

Бидејќи некои пратеници излегоа од салата, ве молам да се преброиме уште еднаш.

Ве молам, пратениците нека влезат во салата треба да ве пребројат, да видиме колку сме присутни.

(по пребројувањето)

Дали мене ме броевте?

Ве молам, уште еднаш преброите.

Преброите уште еднаш дали сме тука присутни сите зашто во меѓувреме излегоа некои пратеници. (по повторното пребројување)

Значи 61 пратеник е присутен во салата и можеме да работиме,

Според тоа, ја ставам 40-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организацијата Здравствен дом "Неготино" во Неготино на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 54 гласале за, три воздржани и два против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствено дом "Неготино" - Неготино.

Преминуваме на 41-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Кратово" - Кратово.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Ве молам, ова е малку и несериозно, некој ги вади картичките,

некој ги става повторно, се покажуваат 62, па сега имаме 61.

Ве молам, не си играјте со картиците.

Значи од 61 присутен пратеник 52 гласале за, воздржани нема и еден е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом"Кратово"-Кратово. Преминуваме на 42-та точка по дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 53 гласале за, пет воздржани и еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Кочани" - Кочани.

Преминуваме на 45-та точка од дневниот според - Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Куманово"-Куманово.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 54 гласале за, три воздржани и еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Куманово"-Куманово.

Преминуваме на 44-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешуваше и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик проф.д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 55 гласале за, два воздржани и еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик проф. д-р Димитар Арсов" -Крива Паланка.

За 45-та точка од дневниот ред Комисијата го повлече својот предлог.

Преминуваме на 46-та точка од дневниот ред.- Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентите на земјите од блискиот и средниот исток.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам општ претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници, 54 гласале за, два воздржани и еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентите на земјите од Блискиот и Средниот исток.

Преминуваме на 47-та точка од дневниот ред- Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката и дописите на Комисијата за промената на изборите и именувањата ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 55 гласале за, четири воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Преминуваме на 48-та точка од дневниот ред- Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клиника за максилофацијална хирургија-Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 62 присутни пратеници 54 гласале за, три воздржани и еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клиника за максилофацијална хирургија - Скопје.

Преминуваме на 49-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен .

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

**САВО КЛИМОВСКИ**: (Продолжение)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 62 пратеника 53 гласале за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Штип.

Минуваме на точката 50 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј"-Скопје.

Комисијата го повлече и овој предлог.

Дами и господа пратеници, Предлогот за донесување на закон за одбрана кој што ни е како прва точка на дневниот ред, јас предлагам да го одложиме, бидејќи за овој закон потребно е да се произнесат и пратениците кои што денеска ја напуштија седницата од опозицијата , за да можеме да водиме квалитетна расправа и за овој закон ни е потребно двотретинско мнозинство, односно 80 пратеници.

Предлагам да ја одложиме оваа точка за подоцна кога ќе ни се приклучат и пратениците од опозицијата за да ги слушнеме и нивните мислења, предлози , имаат и амандмани поднесено и т.н. Добро би било да земат активно учество и во расправата. Дали можеме да се сложиме со еден ваков предлог, да ја одложиме за понатаму, иако знам дека министерот ќе се спротивстави на тоа.

Сепак, да ја одложиме точката. Не се работи за неколку амандмани дали ќе ги усвоиме , или нема да ги усвоиме. Веројатно ќе ги усвоиме, или ќе ги отфрлиме пак со мнозинство но една квалитетна расправа да се води и во начело и во принцип,јас мислам дека и тие треба да бидат присутни. Сепак, тоа би можело да биде причина утре и да не гласаат и да бидат присутни овде со образложение дека не учествувале во расправата. Добро би било да не ја избрзуваме оваа точка денеска.

Има збор г-динот министер Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ**:

Г-дин претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Јас добро го разбирам предлогот и знам дека во него има голема основаност и како да постапам во својство на министер за одбрана, мислам дека повторно ќе дојдеме во ситуација ни криви ни должни, вината да биде упатена или во Владата на Република Македонија, кај овој министер. Тоа е една многу непријатна ситуација, но не ми дозволува да можам да ја елаборирам бидејќи тоа ќе биде мешање во работата на парламентот, или пак донесување на некои ставови за некои прашања од работата на Парламентот. Би сакал да предочам во оваа ситуација дека структурни реформи, односно преструктуирање на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Македонија започнати се со усвојувањето на акциониот план кој е прифатен во Брисел, нешто што Република Македонија со прифаќањето на тој акционен план прв пат има пристапено кон такви структурни реформи и во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија. Тоа се всушност најтешките потези , најтешката, најделикатната фаза што треба да се изврши во било кое министерство, меѓу другото и во ова Министерство. Тоа подразбира една целокупна реорганизација внатре, едно сосема ново поставување кое се цени дека е од интерес за Република Македонија, меѓутоа истовремено ги запазува сите високи стандарди за приклучување кон НАТО, нешто што овој Парламент уште во самиот почеток на својата работа донесе конечна Одлука дека нашиот пат е приклучување кон НАТО. Во рамките на тој акционен план и годишната програма што е веќе донесена и што ќе се донесува и наредниве години, значи еден стил, еден модел на работа во ова Министерство и во Армијата што е прв пат на ваков начин прифатен и според кого се работи. Во себе има конкретни елементи, конкретни фази кои треба да бидат исполнети , рокови кои мора да бидат запазени. Во една прилика соопштив дека на овој пат најповеќе ќе зависат позитивните елементи, или позитивните преоценки од самите нас. Знам дека имаше големи отпори на тој став и од медиумите, меѓутоа и од одредени изјави на поединци кои се вклучени во политиката. Меѓутоа, токму овој пример со донесувањето на законот говори дека јас сум бил во право , затоа што ако вака тешко успеваме да донесеме закони кои немаат никаква допирна точка со меѓупартиски интереси, или политизации, тогаш навистина не гледам од кого друг би зависел овој пат на приклучување кон НАТО, освен од самите нас.

Во акциониот план и годишната програма, која велам прв пат толку сериозни и толку прецизно се поставени со доаѓањето на оваа владина коалиција и преземени се тие обврски. Сите термини кои се предвидени и кои зависат од донесување на одлуки во рамките на самото Министерство за одбрана се извршени на време. Значи сите конкретни и тоа многу сериозни и тешки обврски кои се наметнати од самите нас како потреба, меѓутоа исто така потенцирани од страна на НАТО дека тоа се вистински решенија. Тоа е реструктуирање, односно поставување на новиот модел на Генерал штабот, поставување на нови единици, нови формации. Тоа се крупни и тешки зафати кои доколку зависат од самото Министерство секогаш се на време поставени и запазени се сите рокови. Затоа пофалбите од Брисел на сметка на ова Министерство се од највисок ранг. Овој закон беше готов уште пред два до два и пол месеци, меѓутоа разбирајќи дека Парламентот има годишни одмори, ценејќи го принципиелниот став што секогаш се наметнувал и бил од сите прифатен дека додека трае изборната кампања за да не се политизира да не се прифаќаат такви тези што е разбирливо. Нам исто така ни беше разбирливо и ни одговараше дека првата седница ако биде ставен на дневен ред овој закон и ако добро ја сработиме работата во собраниските комисии, ќе немаме

никакви проблеми. На собраниските комисии учествував апсолутно секогаш кога бев поканет на сите седници на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Со сите политички претставници ги усогласивме ставовите и имаше висок коефициент на согласност. Меѓутоа, сега едноставно и покрај сериозноста и значењето на овој закон  одредени прашања кои се во контекстот на изборите и изборната кампања кои овде Вие ги издигнувате на рамниште на кое ги издигнувате , дали е потребно тоа да се инволвира Парламентот на таков начин, или не, Вие најдобро знаете. Меѓутоа, ако денеска Парламентот се изјаснил и ја прифаќа  сугестијата, или потребата на одредени политички партии во Парламентот, а знаеме дека продолжува седницата со еден ваков суштински закон. Јас најнапред ќе се извинам длабоко за да не бидам погрешно разбран, меѓутоа сепак имаше доволно место пратениците од опозицијата после прифаќањето на нивниот предлог од страна на Парламентот и на претседателот на Парламентот, мислам дека за еден ваков суштествен и еден од најбитните закони за државата и за нашиот углед пред светот, пред Меѓународната заедница, и пред НАТО имаше не доволно место , туку голема политичка одговорност и обврска пратениците од одредени партии да бидат присутни на оваа седница. Јас не сакам да разберам дека нивниот револт се однесувал кон овој закон, меѓутоа сега како министер за одбрана кој е одговорен пред Владата на Република Македонија, пред граѓаните на Република Македонија, затоа што и нивниот углед  се преставува преку нашата работа и одговорен пред роковите што сме ги прифатиле во Министерството за одбрана во Брисел, односно во НАТО , да донесам некоја одлука и од двете варијанти која воопшто нема да биде популарна и сепак ќе оди на угледот на Република Македонија генерално, а во еден дел се разбира и на работата на Владата, меѓутоа и на Парламентот. Ако се прифати предлогот што е велам со многу јасни елементи поткрепен и аргументиран од страна на претседателот на Собранието, ние ќе го пролонгираме донесувањето на законот и понатаму, а тоа не е убаво за сликата на оваа држава. Светот и меѓународните фактори, меѓународните организации не велат дека  е виновен овој состав на Парламентот, не велат дека е виновна таа Влада, туку велат генерално: битно е дека таа држава не успеа да ги постигне роковите кои самата си ги поставила.

Втората варијанта, има услови за работа, има 61 пратеник, значи ние можеме да го разгледуваме законот без разлика што гласањето треба да биде изведено со 81 пратеник. И тука се согласувам дека би влегле во една ситуација кој после 3 или 5 дена кога ќе работи повторно Парламентот, кога ќе биде присутна опозицијата да бидеме обвинети, ако инсистирам , веројатно и јас ќе бидам обвинет дека се игнорира нивното присуство, или отсуство во Парламентот, дека нивното мислење не е добро, или воопшто никого не го интересира и потоа повторно да влеземе во одредени политизации. Ќе бидам искрен до крај, во оваа ситуација ниту јас не сум доволно свесен кое решение да го прифатам. Можноста да се расправа по однос на овој закон, затоа што нам ни е неопходен , на крајот на краиштата некој работел година дена на овој закон една цела структура од администрацијата и од стручните служби, од експертските служби на Министерството, на другите министерства, специјални екипи и тимови низ една соработка дадени од нашите партнери од НАТО и лично би влегол во една голема несериозност. Тие работеа макотрпно со месеци да се донесе овој документ. Но, од друга страна разбирам дека и коалиционото мнозинство во парламентот ќе биде донесено во многу непријатна ситуација да биде изманипулирано со политички интриги, шпекулации дека се игнорира опозицијата. И во овој случај, еве ќе си дозволам, ќе ја прифатам сугестијата на претседателот Климовски без разлика што сум свесен дека ќе морам да наоѓам начин како да го претставам ова упорно пролонгирање на почетокот на расправата на законот за одбрана. Во Парламентот се надевам дека ќе наидам на разбирање иако ќе морам да ги понесам сепак барем дискретните критики од страна на нашите партнери и пријатели во Брисел, во НАТО,се со цел /јас се  надевам дека , односно не се согласувам дека така лесно треба да ги гледаме тие работи. Ако во Парламентот некој мисли дека треба да ги гледаме така лесно, дека тие ќе разберат и можеме така да пратиме две, три насмевки , мојот стил на работа не е таков, можеби навистина нечие искуство покажувало дека е така . Но, јас мислам дека ако некој во тоа е убеден , се лажел.

И затоа требало 8 години да чекаме за некои работи па прв пат да донесуваме толку сериозно поставени закони. Меѓутоа, ја прифаќам сугестијата на претседателот на Парламентот од две причини. Со моето инсистираше поради итноста на законот, поради потребата за нашиот углед пред светот да не го донесам парламентарното мнозинство во ситуација да биде потоа со денови критикувано дека ја игнорира опозицијата. Навистина лично сакам таа да биде вклучена во работата околу законот , бидејќи на комисиите го дале својот придонес. Останатото останува како и досега сите овие 18 месеци и јас како член на Владата на Република Македонија и Владата да ги поднесува секогаш и во најголем дел неправедно критиките дека еве, и во овој случај законот за одбрана го пролонгираме неговото донесување. Јас тврдам дека според сите критериуми, според сите досегашни анализи и сите сондажи што ги правевме и проверки станува збор за исклучително квалитетен закон, но ни е страв ако анализите на парламентарното мнозинство што сите овие минати денови се упатувани дека станува збор за свесни опструкции, дури не само генерално околу работата на Парламентот. Денеска беше спомнато за опструкции , за битни одлуки од функционирање на системот во државата што денес ги донесовте, судови и т.н. Ќе ми биде навистина жал , бидејќи овој закон не се однесува на меѓупартиски интриги и меѓупартиски надмудрувања во Парламентот. Овој тежиште закон, еден од тежините кои ги прават фундаментите. Јас лично сум среќен што ја продолжив работата на овој закон, што го донесовме до оваа физиономија дефинитивно закон кој ги поставува еден од најбитните темели на државата што е од највисок национален интерес. Значи со таков тип на закони јас се надевам дека такво ќе биде и мислењето на пратениците, се бранат националните интереси. Бидејќи сме смогнале сили и бидејќи тие луѓе во Министерството за одбрана не ги донесе ВМРО-ДПМНЕ, ДА или ДПА, тие луѓе работат со децении таму , учествуваа во најквалитетно подготвување на законот и мислам дека треба да им заблагодарам, иако не е почната расправата во донесувањето на вакви тежишни фундаменти од на висок национален интерес на државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер Љубен Пауновски за оправданите забелешки што ни ги упатува. Меѓутоа, јас сум убеден дека и опозицијата нема ништо против овој закон, дека причините за денешното напуштање се од сосема друг карактер, не се поврзани со овој закон. Но, со оглед на фактот што овој е системски закон и е потребно да ги сослушаме и нив за да гласаат за овој закон, за да побараме и нивна поддршка во донесувањето на законот добро би било , тој ќе биде пак прва точка после разгледувањето, односно завршувањето на 57-та седница во четврток, прва точка ќе биде што ќе ја разгледаме во четврток. За два дена би можеле евентуално да направиме напори да го одложиме. Инаку јас немам ништо против. Ние денеска имаме услови за расправа, можеме да расправаме, можеме да ги усвоиме и сите , или да ги отфрлиме, не е битно со гласање и амандманите, но не ќе можеме да пристапиме кон донесување на законот. А пак се сведуваме на крајната цел дека законот нема да биде донесен. Јас Ве разбирам г-дин министер што тоа значи, јас разбирам дека нема политика во овој закон. Но, заради сплет на други околности сме доведени во ситуација да не можеме по овој закон да водиме квалитетна расправа и да го донесеме со квалификувано мнозинство од 80 гласови. И оттаму беше мојот предлог кој што гледам дека Вие го сфаќате, разбирате и дека овој апел што го упативте сега повеќе се однесува на опозицијата да присуствува, да земе учество, бидејќи и кај нив нема резерви кон нашиот пат за интеграција во евроатланските структури. Длабоко сум убеден во тоа. Но, ќе отвориме една мала расправа, затоа што се јавија двајца дискутанти. Мислам процедурално е ова прашање.

Го молам г-динот Стојан Андов да земе збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин претседателе, јас ги уважувам Вашите наводи и треба да престанеме да расправаме по овој закон. Мислам дека ако продолжиме било што да расправаме, само ќе упатуваме непотребни забелешки и критики и не знам што на луѓе кои не се овде. А знам познато дека ние имаме консензус во Републиката по вакви акти за нашата евроатланска ориентација, по вакви акти

да немаме разлики. И затоа важноста на овој закон дури тогаш ќе биде и целта негова постигната кога ќе дојдат сите заедно да го расправаме и заедно да го донесеме. Според тоа, јас го подржувам она што го рековте и треба да прекинете секаква расправа по овој закон, а да расправаме кога ќе бидат сите пратеници овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас се согласувам со претходните дискусии да не се напаѓа некој што не е тука. Бидејќи министерот рече дека е подобро да има поголем број присутни пратеници, односно поголем консензус, меѓутоа морам да предупредам дека барем според мене опозицијата сметам дека знае што е на дневен ред денеска. Сега да не излезе дека ете , ние имаме обѕир , тие не се тука, па некои случувања кои што се случиле на нас ни ја замаглуваат работата, па не знам што. Мислам дека треба да се има во предвид дека дневниот ред е усвоен , за тој дневен ред беше присутна опозицијата и нема никакво оправдување. Ние можеме како парламентарно мнозинство да го одложиме овој закон, меѓутоа треба јасно да се потенцира дека некој треба да си понесе одговорност за неодговорно однесување во Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Филип Петровски, за учество во расправата.

За збор се јави г-цата пратеник Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Само кратко како дополнување на дискусијата на г. Филип Петровски.

Всушност уцената е само дополнување на она што денеска се случува во Собранието на РМ, што значи, луѓето кои пред малите екрани не гледаат имаат ваква ситуација:

1. Итноста на седницата што е побарано да се одржи во четврток позицијата ја прифаќа, претседателот на Собранието ја прифаќа, еве го добивме и решението.

Од друга страна, повторувам, знаејќи го дневниот ред, за тоа немам никакви резерви кон поднесувањето на СДСМ, знаејќи дека на дневен ред е овој круцијален закон, они јавно одбиваат да присуствуваат на донесувањето на законот. Според тоа не би сакала за никакво оправдување да стане збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не би сакал да го коментирам сето тоа. Секој си има свое мислење.

Јас предлагам оваа точка да биде прва што ќе ја разгледуваме на 57-та седница, односно во продолжението на 56-тата седница. Тоа ќе биде во четврток, се надевам.

Има збор министерот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас прифаќам да создадеме услови да бидат тука сите присутни и тоа, велам, од единствена причина заради дигнитетот на Парламентот и заради евентуално моето инсистирање да продолжи сега расправата, да биде потоа употребено или злоупотребено и фрлено како анатема врз парламентарното мнозинство. Само тоа да не се случи. Инаку вашата добра желба дека ќе продолжи расправата во четврток, не би сакал да помине без коментар, јас лично се сомневам. Расправата ќе продолжи сигурно во некој втор или петти четврток од денеска натаму, бидејќи таа точка ќе биде премногу долго расправана. А ваквиот начин на однесување, итноста на една работа, занемарување на итност на друга работа што подразбира. Тоа подразбира и министерот наредната обврска што ја има, што е исто така од тој интерес, во овој случај за интеграции со НАТО, да мора да ја одложи. Значи една со друга работите се преплетуваат и се донесуваат во многу нефункционална положба институциите на системот. Денеска продолжението на оваа расправа беше многу чисто. Сите пратеници знаат кога е рокот за донесување на овој закон. Меѓутоа разбирајќи го вашиот предлог јас сум подготвен да го прифатам тоа. Но, исто така би ве замолил во првата прилика од продолжување на работа на Парламентот да им предочите на сите пратеници и да ги замолите, поради значењето на Законот и поради општиот консензус кој г. Андов го спомна, да го фатиме редот во работата за што не гледам никакви пречки да се пролонгира и понатаму, бидејќи ова е трети ден од

оваа седница каде не успеа работата да тргне од старт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот.

За збор се јавува потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на сериозноста на предлогот кој треба да го разгледуваме преку овој закон и неговото значење, предлагам пред да почне 57-ма седница овој закон да го разгледаме во полн состав кога ќе дојдат на седница и опозицијата. По завршување на дискусијата по овој закон и гласање за истиот да наставиме со 57-та седница. Значи ќе имаме една чисто правна од интерес на државата а не на било која политичка партија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова е веќе еден нов предлог за кој ќе одлучуваме веројатно во четврток кога ќе се поднесе и ќе се актуализира да продолжиме само со оваа точка. Тоа ќе го предложиме и на опозицијата, тоа ќе треба со нив да се договори затоа што може они пак да ја напуштат седницата итн. Но, како предлог стои.

Меѓутоа, дами и господа пратеници, и да сакаме денес да продолжиме со работа, четири пратеници ни излегоа, немаме кворум.

Според тоа, јас ви го честитам утрешниот празник 11-ти октомври и ќе продолжиме со работа во четврток на 12 октомври.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот).